# И З В Е Ш Т А Ј

за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2022 година

Март, 2023 година

Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје е орган кој извршува активности согласно законската регулатива и општите акти и ја спроведува утврдената деловна политика на Собранието на Банката.

Надзорниот одбор на Банката во период од 01.01. - 31.12.2022 година работеше во следниот состав:

Светозар Попов – Претседател;
Ралица Богоева – заменик Претседател;
Јанко Караколев - член;
Константин Арнаудов - член;
Николај Драгомирецки - независен член;
Дејан Кнезовиќ - независен член.

Надзорниот одбор поднесува извештај за своето работење во 2022 година, пред Собранието на акционерите на Банката.

Во извештајниот период Надзорниот одбор своето работење и активности главно ги остваруваше преку одржување на седници. Во текот на 2022 година одржани се вкупно 24 седници, на кои беа донесени значајни одлуки и заклучоци за решавање на прашања од неговата надлежност.

Во работата на седниците на Надзорниот одбор активно учествуваат сите членови, во насока на обезбедување на добро работење, управување и стабилност на банката.

Во извештајниот период Надзорниот одбор вршеше активности, од утврдените надлежности согласно Законот за банките и Статутот на Банката, меѓу кои позначајни се:

- Надзорниот одбор на своите седници, редовно ги разгледуваше извештаите за работењето и финансиската состојба на банката презентирани од страна на Управниот одбор на Банката;
- Надзорниот одбор ја следеше и разгледуваше ликвидноста, економско финансиската состојба на Банката и донесуваше соодветни заклучоци за нивно одржување во рамките на законските лимити;
- Надзорниот одбор донесе Одлука за утврдување на План и Буџет на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година и континуирано ја следеше реализацијата на Планот и Буџетот за 2022 година;
- Разгледан и одобрен Извештај за активности на внатрешната ревизија во Банката, како и Годишниот план за внатрешна ревизија;
- Го разгледа Извештајот од извршената ревизија на овластениот ревизор на Банката и даде мислење до Собранието на акционери на Банката;

- Ја разгледа годишната сметка на Банката и утврди остварена добивка во работењето на Банката во изминатата година, која ќе се употреби во резерви;
- Разгледан и усвоен е Извештајот за превземени активности во Банката за спречување перење пари;
- Надзорниот одбор, разгледуваше, оценуваше и одлучуваше за барања на комитенти за користење на услугите на Банката, за лимитите во негова надлежност;
- Надзорниот одбор даваше насоки за развој на информациониот систем на Банката, заради унапредување и развој на работењето на Банката;
- Надзорниот одбор согласно законските одредби редовно ги разгледуваше Извештаите-Записници на Одборот за управување со ризици и Службата за контрола на усогласеност на прописите;
- Надзорниот одбор го разгледа и усвои полугодишнот извештај за сигурност на информативен систем, за второто полугодие на 2021 година и првото полугодие на 2022 година;
- Надзорниот одбор согласно законските одредби редовно ги разгледуваше трансакциите со поврзани лица на Банката;
- Надзорниот одбор согласно законските одредби редовно ги разгледуваше Извештаите на Одборот за ревизија;
- Надзорниот одбор редовно разгледуваше информации од Управниот одбор на Банката во врска со наплатата на лоши пласмани на Банката;
- Надзорниот одбор изврши ревидирање на политиките и други интерни актина Банката;
- Надзорниот одбор организира одржување на редовното годишно Собрание на Банката, како и седница на Вонредно Собрание на акционери за кое ги утврди предлог материјалите по точките од дневниот ред и овозможи разгледување и одлучување по истите;
- Надзорниот одбор ги превзема неопходните активности за одржување на адекватноста на капиталот на Банката.

Надзорниот одбор, донесуваше соодветни одлуки во правец на подобрување на работењето на Банката, поголема профитабилност на работењето, одржување на стабилноста, сигурноста и ликвидноста на Банката во услови на енергетска криза проследена со зголемување на цените и намалување на деловните активности кај домашните компании.

Надзорниот одбор на Банката сите свои активности ги извршуваше одговорно и во согласност со законската регулатива, во рамките на законски утврдените надлежности.

Надзорниот одбор заедно со Управниот одбор на Банката водеше сметка за доследно применување на банкарските принципи-ликвидност, сигурност и рентабилност на Банката.

Надзорниот одбор и во иднина ќе настојува да ги унапреди и доразвие моделите на корпоративно управување и континуирано да ги унапредува политиките на Банката во клучните области од работењето.

Членовите на Надзорниот одбор во 2022 година колективно и секој поединечно со максимална посветеност успешно работеа во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за банките и Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со што придонесоа за успешен деловен континуитет и стабилно корпоративно управување во Банката како и за целосно реализирање на Планот и буџетот на Банката.

# ГОДИШНА ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА 2022 ГОДИНА

## ОЦЕНА НА СООДВЕТНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

### I. ПОЕДИНЕЧНА ОЦЕНА

**Светозар Александров Попов**

Членот на НО е дипломиран економист со професионална квалификација магистер по економија. Неговото веќе стекнато универзитетско знаење е надоградено со посети на повеќе семинари и обуки од областа на банкарството и финансирањето. Г-дин Попов има дваесет годишно банкарско искуство, во банка во Р.Северна Македонија и во Р.Бугарија извршувајќи високо раководни функции. Членот на НО го поседува следното работно искуство: асистент на финансовиот директор (2000-2002) во правното лице Инпластрејд СА Асеновград, специјалист за кредитирање на мали и средни претпријатија (2002-2004) во Рајфајзен Банка АД Софија, специјалист за управување со кредитен ризик (2004-2006) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, претседател на Одбор за кредитен ризик (07/2006-12/2006) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, заменик директор на Сектор за управување со ризици (2006-2008) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, член на УО и Извршен директор (2008-2015) Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Главен директор за комплајанс (2016-2017) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, член на УО, извршен директор и Главен директор за ризици (05/2017-) во Прва Инвестициона Банка АД Софија.

Членот на НО е добро запознаен со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Со своето долгогодишно работно искуство во УНИБанка АД Скопје и познавање на целокупното работење на Банката, како и познавањето на законската регулатива во Р.С Македонија, придонесува за стабилно и сигурно работење на Банката како и за нејзиниот континуриран раст и развој.

Светозар Попов добро ја познава и разбира стратегијата и бизнис целите на Банката. Покрај тоа што Членот на НО, во минатото извршувал функција член на УО во банката, а со тоа бил вклучен во креирањето на целите и стратегијата на Банката, истиот е добро запознаен со финансиската состојба и профилот на ризичност на банката и стратегијата на Банката. Неговото добро познавање на работењето на Банката, економијата во која делува и долгогодишното искуство, придонесува за разбирање на истата.

Членот на НО има добро познавање на законската регулатива во Р.С.Македонија како и на интерните акти во Банката, со оглед на тоа што членот има претходно долгогодишно работно искуство во Банката.

Репутацијата на членот на НО е ценета и потврдена и во постапки за добивање согласности од НБРСМ и БНБ, при неговото именување во Управните одбори во УНИБанка АД Скопје и ПИБ АД Софија.Во текот на неговиот мандат во овие тела, целосно ја почитувал позитивната законска регулатива и соработувал со Супервизорските органи на двете земји.

Членот на НО има одлично познавање на воспоставеното коропративно управување во Банката.

Г-дин Попов, со своето 20 годишно работно банкарско искуство, од кое подолг период извршувал раководни функции придонесува за стабилно и сигурно работење на Банката како и за нејзиниот континуриран раст и развој. Имајќи во предвид дека во периодот од 2008-2015 година, бил член на Управен одбор на банката, истиот добро го познава работењето на Банката во сите нејзини сегменти, што помога за успешно извршување на функцијата член на Надзорен одбор на Банката.

Г-дин Попов во улога на Претседател на Надзорниот одбор се грижеше за правилно функционирање на Одборот во 2022 година. Во согласност со Деловникот за работа на Надзорниот одбор,редовно и навремено ги свикуваше седниците, го утврдуваше дневниот ред, се грижеше за редовно доставување на потребните материјали и обезбедување потребни информации за членовите на Одборот. Како Претседател на Одборот поттикнуваше активна и конструктивна дискусија на седниците на Надзорниот одбор, давајќи доволно време на предлагачите на материјалите за образложенија по истите, а на членовите на Одборот да поставуваат прашања и да дискутираат предложените материјали. Во својство на Претседател на Надзорниот одбор придонесе за ефикасност во работата на истиот и воспоставување на добра соработка на Надзорниот одбор со Управниот одбор, Одборот за ревзија и Одборот за управување со ризици.

Членот на НО, покрај редовниот работен однос во Прва Иннвестциона Банка АД Софија (40 работни часа неделно) како и член на Надзорен одбор на Мајфин ЕАД (03/2020) , посветува доволно време за извршување на обврските како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Г-дин Попов е запознаен со времето кое е потребно да го посветува за извршување на своите должности и истиот е согласен и организиран да го почитува.

Не постои судир на интереси помеѓу членот на Надзорниот одбор со други лица, што би можело да влијае на неговата објективност и независност во извршувњето на неговите надлежности, ниту би го ограничувало во вршењето на самостојна анализа и оценка на решенијата што ги предлагаат останатите членови НО.

**Ралица Иванова Богоева**

Членот на НО е дипломиран економист со специјалност сметководство и контрола. Универзитетското знаење е надоградено со посети на повеќе семинари и обуки од областа на банкарството. Г-ѓа Богоева има повеќегодишно банкарско искуство, во банка во Р.Бугарија извршувајќи високо раководни функции, а го поседува следното работно искуство: сметководител/фактурист (1998-2000) во правното лице експрес консулт НЕТ ООД Софија, кредитен специјалист (2002-2003) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, заменик директор на Дирекција Банкарство на мало(2003-2011) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, директор на Внатрешна ревизија (2011-2018) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, главен директор „ИТ Операции" (2018-04/2020) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, член на УО, извршен директор и Главен директор за банкарство за население (04/2020-) во Прва Инвестициона Банка АД Софија.Членот на НО е добро запознаен со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како член на НО во УНИБанка АД Скопје.

Г-ѓа Богоева со своето долгогодишно работно искуство во Прва Инвестициона Банка АД Софија како раководител на Внатрешна ревизија, управување со проекти поврзани со управување со производи за населението и бизнисот, како и иновативни проекти од областа на информатичката технологија и дигитализацијата на банкарството, придонесува за стабилно и сигурно работење на банката како и за нејзиниот континуиран раст и развој.

Членот на НО е запознаен и целосно ја разбира стратегијата и бизнис целите на банката. Совесно и одговорно прифаќајки ја улогата на член на НО, детално е запознаен со финансиската состојба и профилот на ризичност, стратегијата и целите на банката. Членот со своето искуство придонесува во унапредувањето на информациските системи и операции во банката.

Членот на НО е запознаен со интерните акти во Банката, како и со позначајните законски регулативи кои го засегаат директно банкарскиот сектор.

Репутацијата на членот за НО е ценета и потврдена во извршувањето на раководни функции во ПИБ АД Софија. Во текот на извршување на истите, целосно ја почитувал позитивната законска регулатива и соработувал со Супервизорските органи.

Членот на НО има одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување во Банката.

Г-ѓа Богоева како заменик престтедател на Надзорниот одбор, го заменуваше претседателот на Надзорниот одбор и ги потпишуваше актите во негово отсуство. Како член на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија има значајна улога во соработката на овие два Одбора. Со своето долгогодишно професионално искуство во различни сфери на банкарската дејност, значително придонесе за успешно извршување на активностите на Надзорниот одбор во 2022 година, особено во делот на оцена и анализа на финансиските и деловните извештаи и извештаите на Одборот за ревизија.

Членот на НО има солидно познавање во банкарското работење а особено во областа на финансиските анализи, внатрешната ревизија и информациските технологии. Членот на НО, од 2002 година до денес, е работно ангажиран во банка, од кој период најмногу поминал во кредитните дирекции и раководел 7 години со Внатрешната ревизија во Прва Инвестициона Банка АД Софија. Со нејзиното досегашно искуство, како член на Надзорен одбор на УНИБанка АД Скопје, придонесува за успешно работење и понатамошен раст и развој на банката.

Членот на НО, покрај редовниот работен однос во Прва Инвестициона Банка АД Софија (40 работни часа неделно) извршува функција член на Совет на директори на МАЈФИН ЕАД (03/2020) и член на Совет на директори на Дајнерс Клуб Бугарија АД, посветува доволно време за извршување на обврските како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Членот на НО е запознаен со времето кое е потребно да го посветува за извршување на своите должности и истиот е согласен и организиран да го почитува.

Не постои судир на интереси помеѓу членот на Надзорниот одбор со други лица, што би можело да влијае на неговата објективност и независност во извршувањето на неговите надлежности, ниту би го ограничувало во вршењето на самостојна анализа и оценка на решенијата што ги предлагаат останатите членови на НО.

**Јанко Ангелов Караколев**

Членот на НО е дипломиран економист со големи познавања од банкарството и сметководството. Стекнатото универзитетско знаење е надоградено со посета на повеќе семинари и обуки од областа на банкарството. Членот има повеќегодишно банкарско искуство во банка во Република Бугарија извршувајќи високо раководни функции. Членот го поседува следното работно искуство: Главен финансиски директор (CFO) и член на Управниот одбор на Прва Инвестициона Банка АД Софија (јуни 2020-), директор на Дирекција финансии во Прва Инвестициона Банка АД Софија (октоври 2014-јуни 2020), директор на Дирекција финансии и сметководство во Прва Инвестициона Банка АД Софија (декември 2013-септември 2014), Главен финансов директор на Дирекција финансии и сметководство во Прва Инвестициона Банка АД Софија (март 2011-декември 2013), Заменик директор на дирекција финансии и сметководство во Прва Инвестициона Банка АД Софија (јануари 2007 – февруари 2011), заменик главен сметководител во Прва

Инвестициона Банка АД Софија (април 2003 - јануари 2007), началник на оддел за финансиски извештаи, анализи и буџет во Прва Инвестициона Банка АД Софија (јули 2002 – април 2003), директор на интернет подружница во Прва Инвестициона Банка АД Софија (ноември 2001 – јули 2002), сметководител – контролор во Прва Инвестициона Банка АД Софија (април 1999 – Ноември 2001) во Прва Инвестициона Банка, Софија Бугарија, како и сметководител во Бугарска Трговска Индустриска Банка(јули 1995-јули 1998).

Членот на НО поседува квалификации од областа на меѓународните финансиски и сметководствени стандарди, европската регулаторна рамка за банкарство и известување, менаџмент, деловно планирање.Со долгогодишниот професионален ангажман во банка, придонесува за стабилно и сигурно работење на Банката како и за нејзиниот континуиран раст и развој. Членот на НО е добро запознаен со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како член на НО во УНИБанка АД Скопје.

Членот на НО е запознаен и целосно ја разбира стратегијата и бизнис целите на банката. Совесно и одговорно прифаќајки ја улогата на член на НО, детално е запознаен со финансиската состојба и профилот на ризичност, стратегијата и целите на банката. Неговото добро познавање на работењето на Банката, економијата во која делува и долгогодишното искуство, придонесува за разбирање на истата.

Членот на НО е запознаен со интерните акти во Банката, како и со позначајните законски регулативи кои го засегаат директно банкарскиот сектор. Членот е започнаен со законските регулативи чии одредби дополнително треба да се применуваат и ќе влијаат врз оперативното работење во банката.

Членот на НО има одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување во Банката.

Членот на НО има солидно познавање во банкарското работење а особено во областа на финансиските анализи, внатрешната ревизија и информациските технологии. Членот на НО, од 1998 година до денес, е работно ангажиран во банка, од кој период најмногу поминал во сметковотствените дирекции во Прва Инвестициона Банка АД Софија. Со неговото досегашно искуство, како член на Надзорен одбор на УНИБанка АД СКОПЈЕ, придонесува за успешно работење и понатамошен раст и развој на банката.

Г-дин Караколев како член на Надзорниот одбор и Претседател на Одборот за ревизија значително придонесе за успешно извршување на активностите на Надзорниот одбор во 2022 година, особено во делот на меѓународни финансиски и сметководствени стандарди, внатрешната ревизија, прашања поврзани со менаџмент и деловно планирање на Банката,унапредување на деловните процеси и работењето во банката.

Членот на НО е запознаен со времето кое е потребно да го посветува за извршување на своите должности и истиот е согласен и организиран да го почитува. Членот, покрај редовниот работен однос во Прва Инвестициона Банка АД Софија (40 работни часа неделно), член на Управен одбор на Прва Инвестициона банка Албанија и член на Совет на директори на Болкан фајненшал сарвисис ЕАД Софија, посветува доволно време за извршување на обврските како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Не постои судир на интереси помеѓу членот на Надзорниот одбор со други лица, што би можело да влијае на неговата објективност и независност во извршувањето на неговите надлежности, ниту би го ограничувало во вршењето на самостојна анализа и оценка на решенијата што ги предлагаат останатите членови на НО.

**Константин Илијчов Арнаудов**

Членот на НО, е дипломиран економист со професионална квалификација магистер по економија. Неговото веќе стекнато универзитетско знаење е надоградено со посети на повеќе семинари и обуки од областа на банкарството. Кадидатот има повеќегодишно банкарско искуство во банки во Р.Бугарија извршувајќи раководни функции. Членот на НО извршувал обврски и должности поврзани со процесот на кредитирање во банка и тоа започнувајќи како Сметководител-Касиер (1998- 2003), Кредитен инспектор за Кредитирање на мали и средни претпријатија во ТБ Биохим АД, фил.Јоженпарк-Банка (2003- 2004) Кредитен инспектор за Кредитирање на мали и средни претпријатија (2004-2007) во во Прва Инвестициона Банка АД Софија, Софија Бугарија, Главен специјалист за Кредитирање на мали и средни претпријатија (2007- 2010) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, Заменик директор на Кредитирање на мали и средни претпријатија (2010- 2012) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, Заменик директор на Корпоративно банкарство (2012- 2018) во Прва Инвестициона Банка АД Софија, достигнувајќи ја сегашната позиција како Директор на Корпоративно Банкарство во Прва Инвестициона Банка АД Софија (2018- ). Репутацијата на членот на НО е ценета и потврдена и во извршувањето на раководни функции во ПИБ АД Софија.

Членот на НО е добро запознаен со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Со своето долгогодишно банкарско работно искуство, придонесува за стабилно и сигурно работење на банката како и за нејзиниот континуриран раст и развој. Членот на НО е добро запознаен со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како член на НО во УНИБанка АД Скопје.

Членот на НО е запознаен и целосно ја разбира стратегијата и бизнис целите на банката, има одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување во банката и во таа насока придонесува за унапредување на корпоративното банкарство во банката.

Г-дин Арнаудов со неговото долгогодишно искуство во корпоративното кредитирање во банка и познавањата во финансиската област активно учествуваше на седниците на

Надзорниот одбор. Тој даде особено придонесе во делот разгледување на финансиските анализи  и прашања поврзани со управување со пазрните и репутациските ризици.

Членот посветува доволно време за извршување на обврските кои произлегуваат од неговите надлежности како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Член на НО е запознаен со времето кое е потребно да го посветува за извршување на своите должности и истиот е согласен да го почитува.

Не постои судир на интереси помеѓу кандидатот за член на Надзорниот одбор со други лица, што би можело да влијае на неговата објективност и независност во извршувњето на неговите надлежности, ниту би го ограничувало во вршењето на самостојна анализа и оценка на решенијата што ги предлагаат останатите членови НО.

**[1]Николај Сергеевич Драгомирецки**

Независниот член на НО е дипломиран економист со големи познавања од банкарството. Членот има повеќегодишно банкарско искуство, во банка во Република Бугарија. Членот го поседува следното работно искуство: "Прва финансиска брокерска куќа Софија" како брокер (1994-1995), Прва Инвестициона Банка АД Софија" како дилер на валутен пазар (1995-2011),  Фонд за недвижни имоти Бугарија АДСИЦ како извршен директор  (10/2020-01/2022)Екобултекс АД СОФИЈА" како извршен директор (2011- ).

Членот на НО е добро запознаен со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Николај Драгомирецки со своето долгогодишно работно искуство како економист и познавањето од финансиите, придонесува за стабилно и сигурно работење на банката како и за нејзиниот континуиран раст и развој.

Членот добро ја знае и разбира стратегијата и бизнис целите на Банката. Совесно и одговорно прифаќајки ја улогата на член на НО, детално е запознаен со финансиската состојба и профилот на ризичност, стратегијата и целите на банката.

Членот на НО е запознаен со интерните акти во Банката, како и со позначајните законски регулативи кои го засегаат  банкарскиот  сектор.

Членот на НО има одлично познавање на воспоставеното корпоративно управување во Банката.

Членот редовно и активно учествуваше на седниците на Надзорниот Одбор. Своето долгогодишно искуство стекнато како извршен директор на успешна компанија, даде особен придонес во ефикасното вршење на  надзорната функција. Неговите препораки

[1] Николај Драгомирицки е член на Надзорниот одбор на Банката до 01.12.2021 година, поради истекување на мандатот. Со решение на Гувернерката на НБРСМ бр.15-1165/4 од 09.03.2022 година, за Николај Драгомирецки издадена е претходна согласност за независен член на Надзорниот одбор на Банката, со мандат од 4 години, сметано од 09.03.2022 година.

дадени врз основа на неговите познавања на економско финансиската состојба во земјата, а особено на регионот, заедно со неговите менаџерски вештини, беа од суштествено значење при разгледувањето на финансиските извештаи и резултатите од работењето на Банката и беа во насока на нивно подобрување и поголем финансиски раст на Банката.

Г-дин Драгомирецки како независен член на Надзорниот одбор објективно и независно ги извршуваше своите надлежности, вршеше назвисна и објективна оцена на реченијата кои се предлагаа и даде особен придонес при разгледување на прашања и дискусии поврзани со пазарите на капитал, стратегиското планирање и унапредување на информативниот систем на Банката.

Членот на НО е запознаен со времето кое е потребно да го посветува за извршување на своите должности и истиот е согласен и организиран да го почитува. Членот, покрај редовниот работен однос во Екобултех АД Софија (како извршен директор), член на Надзорен одбор на Прва Инвестициона банка Албанија, член на управен одбор на Екобултех АД Софија и член на управен одбор Фонд за недвижни имоти Бугарија АДСИЦ, посветува доволно време за извршување на обврските како член на НО во УНИБанка АД Скопје.

Не постои судир на интереси помеѓу членот на Надзорниот одбор со други лица, што би можело да влијае на неговата објективност и независност во извршувањето на неговите надлежности, ниту би го ограничувало во вршењето на самостојна анализа и оценка на решенијата што ги предлагаат останатите членови на НО.

**<u>Дејан Кнезовиќ</u>**

Независниот член на НО е дипломиран правник, истакнат адвокат со над 20 годишно искуство во трговското и корпоративното право, консалтинг, помирување и арбитража вклучувајќи ја и постапката за арбитража на Меѓународната трговска комора, банкарство, франшизинг, финансиски лизинг и сл. Своето професионално искуство го стекнува на Правниот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ Скопје, а работното искуство го започнал како: адвокатски приправник во Адвокатска канцеларија Спирковски Скопје (1995г.-1998г.), адвокат во Адвокатска канцеларија Спирковски Скопје (1998г.-2000г.), адвокат и управувачки партнер во Адвокатско Друштво Кнезовиќ и Соработници (2000г.- ).

Членот на НО е запознаен и целосно ја разбира стратегијата и бизнис целите на банката, има одлично познавање на воспоставеното коропративно управување во банката и во таа насока придонесува за унапредување на корпоративното банкарство во банката.

Г-дин Кнезовиќ како независен член на Надзорниот одбор објективно и независно ги извршуваше своите надлежности, вршеше назвисна и објективна оцена на решенијата кои се предлагаа. Со своето долгогодишно професионално работно искуство во корпоративното

управување, креирање и исполнување на интерната регулатива, адвокатурата и застапувањето придонесе за унапредување на работата на Надзорниот одбор на Банката, соодветно и на работењето на Банката.

Членот посветува доволно време за извршување на обврските кои произлегуваат од неговите надлежности како член на НО во УНИБанка АД Скопје. Член на НО е запознаен со времето кое е потребно да го посветува за извршување на своите должности и истиот е согласен да го почитува.

Не постои судир на интереси помеѓу кандидатот за член на Надзорниот одбор со други лица, што би можело да влијае на неговата објективност и независност во извршувњето на неговите надлежности, ниту би го ограничувало во вршењето на самостојна анализа и оценка на решенијата што ги предлагаат останатите членови НО.

## II. КОЛЕКТИВНА ОЦЕНА

Членовите на НО, имаат познавање и искуство од различни области и тоа: управувањето со ризици, вршење финансиски анализи, сметководство, информациска технологија, внатрешна ревизија, усогласеност со прописи, стратегиско планирање и друго. Горенаведеното искуство придонесува членовите на НО да вршат, независен надзор на работењето на банката, а особено за разбирањето на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена Банката.

Членовите на НО, се добро запознаени со својата улога, надлежности, приоритети и одговорности како членови на НО во УНИБанка АД Скопје. Членовите, со своето долгогодишно работно искуство, познавање на целокупното работење на банката, како и познавањето на законската регулатива во Република Северна Македонија, придонесуваат за стабилно и сигурно работење на банката како и за нејзиниот континуриран раст и развој.

Членовите на НО, ја разбираат стратегијата и бизнис целите на банката.

Членовите на НО, имаат соодветно разбирање на локалната, регионалната економија и финансии, а нивното долгогодишно работно искуство продонесува и во одлично познавање и на глобалната економија, како и разбирање на соодветната домашна регулатива и меѓународните стандарди.

Членовите на НО, имаат одлично познавње на воспоставеното коропративно управување во Банката.

Помеѓу членовите на Надзорниот одбор постои одлична соработка.

Членовите на НО, посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од неговите надлежности, имајќи ги во предвид членствата во други орани или управување на други правни лица. Членовите на НО, се запознаени со времето кое е

потребно да го посветуваат за извршување на своите должности и истите се согласни и организирани да го почитуваат.

**ГОДИШНА ОЦЕНКА НА СОПСТВЕНАТА РАБОТА**

Со цел да ја оценат својата ефикасност и ефективност, да ги идентификуваат потенцијалните пропусти и да се осигураат дека извршената активност е во согласност со пропишаните законски и интерни прописи, членовите на Надзорниот одбор извршија сопствена оценка поврзана со нивните активности во текот на 2022 година како од аспект на поедннични членови, така и колективно.
Сопствената оцена е дел од Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје .

**I ПОЕДИНЕЧНА ОЦЕНА**

Претседателот на Надзорниот Одбор, господин **Светозар Александров Попов** ги презеде сите потребни активности за организација на работата на Надзорниот одбор и за навремено свикување и одржување на седниците на Надзорниот одбор. Се грижеше за организација на работата и правилно функционирање на Надзорниот одбор, за извршување на неговите надлежности произлезени од Законот за банките и другите законски и подзаконски прописи, Статутот и интерните акти на Банката. Претседателот на одборот раководеше со седниците и поттикнуваше активна и отворена дискусија за севкупното работење на Банката и во поглед на тековното работење на банката. Господинот Попов предлагаше конкретни мерки и активности за подобрување на работењето на банката. Со своите широки познавања и долгогодишно искуство во банкарскиот сектор, Светозар Александров Попов придаде значителен придонес за успешната работа на Надзорниот одбор.

Госпоѓа **Ралица Иванова Богоева**, во текот на 2022 година активно учествуваше во работата на седниците Надзорниот одбор, при што значително придонесе во успешното работење на Одборот. Нејзиното долгогодишното банкарско работно искуство е од значително влијание во дискусиите на седниците на Надзорниот одбор, а нејзините конструктивни предлози и насоки влијаат врз понатамошното успешно работење на Банката.

Господин **Јанко Ангелов Караколев** со одличните познавања од економијата и финасиите како и долгогодишното работно искуство во банкарскиот сектор, се стремеше истите да ги примени во практика и со тоа значајно го унапреди работењето и делувањето на Надзорниот одбор. Активно учествуваше во разгледувањето и донесувањето на актите и одлуките од надлежност на Надзорниот одбор, како и во расправата по темите и прашањата поставени на агендите на седниците и иницирани од членовите на Надзорниот одбор во поглед на работите од надлежност на Надзорниот одбор и работењето на банката.

Господин [2] **Николај Сергеевич Драгомирецки** како независен член на Надзорниот Одбор,редовно и активно учествуваше на седниците на Надзорниот Одбор. Своето долгогодишно искуство стекнато како извршен директор на успешна компанија, даде особен придонес во ефикасното вршење на надзорната функција. Неговите препораки дадени врз основа на неговите познавања на економско финансиската состојба во земјата, а особено на регионот, заедно со неговите менаџерски вештини, беа од суштествено значење при разгледувањето на финансиските извештаи и резултатите од работењето на Банката и беа во насока на нивно подобрување и поголем финансиски раст на Банката.

Господин **Константин Илијчов Арнаудов** како член на Надзорниот одбор на Банката , со своето долгогодишно искуство и познавање на банкарското работење, а особено во областа на корпоративното банкарство, имаше активно учество во дискуиите и прашањата од делокруг на работењето на Надзорниот одбор и работењето на Банката, а неговите конструктивни предлози и насоки влијаат врз понатамошното успешно работење на Банката.

Господин **Дејан Кнезовиќ** како член на Надзорниот одбор, со своето долгогодишно искуство и познавање на банкарското работење, имаше активно учество во дискуиите и прашањата од делокруг на работењето на Надзорниот одбор унапредување на финансиската стабилност на Банката и оперативното работење.

## II КОЛЕКТИВНА ОЦЕНА

Секој од членовите на Надзорниот одбор придонесе за успешното извршување на должностите на Надзорниот одбор во согласност со сопственото знаење и искуство. Членовите заклучија дека фактот што секој од нив има практично и/или теоретско банкарско знаење, финансиско знаење и меѓународно искуство е од огромно значење и донесе соодветна стручност во работењето на Надзорниот одбор.

Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, Надзорниот одбор постојано го следеше работењето на Банката и редовно ги разгледуваше изеештаите на Управниот одбор за остварувањето на финансиските резултати на Банката. Го следеше движењето на сите финансиски показатели, Билансот на состојба, Билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста на Банката, депозитите на правните и физичките лица, остварените приходи и расходи на Банката со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на

---

[2] Николај Драгомирицки е член на Надзорниот одбор на Банката до 01.12.2021 година, поради истекување на мандатот. Со решение на Гувернерката на НБРСМ бр.15-1165/4 од 09.03.2022 година, за Николај Драгомирецки издадена е претходна согласност за независен член на Надзорниот одбор на Банката, со мандат од 4 години, сметано од 09.03.2022 година.

капиталот, причините за подобрувањата и влошувањата на портфолиото на Банката и сите други значајни прашања од работењето на Банката.

Во услови на неизвесно деловно опкружување кое се рефлектира во тековното работење на деловните субјекти, Надзорниот одбор постојано ги следеше економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со корисни информации во процесот на донесување на соодветни деловни одлуки. Во 2022 година, Надзорниот одбор презема соодветни активности за прилагодување кон последиците од економската криза, а особено за одржување на квалитетот на портфолиото и изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите кои беа најзасегнати од здравствената и економската криза.Како колективен орган на надзор на Банката, својата активност и работење ги остваруваше преку:

- редовно разгледување на извештаите за работењето на Банката и другите извештаи изготвени од Управниот одбор и другите органи на Банката (Одборот за управување со
- ризиците, Одборот за внатрешна ревизија, Службата за усогласеност на Банката со прописите и др.);
- одобрување политики за управување со ризиците, политиката за сигурност на информациskиот систем и други политики и акти;
- одобрување изложености спрема поединечно лице од над 10% од сопствените средства на Банката;
- одобрување трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000,00 денари;
- разгледување на извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка на РСМ и други надлежни институции и предлагање, односно преземање мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
- разгледување на записниците од непосредната теренска контрола и непосредната теренска инспекциска контрола на Народната банка на РСМ, доставување до Народната банка на РМ на записниците од седниците на Надзорниот одбор на кои се разгледуваат записниците од контролата;
- преземање други активности во согласност со законските и врз основа на Статут утврдените овластувања.

Надзорниот одбор во соработка со Управниот одбор, на редовна основа ја дискутираше состојбата на банкарскиот сектор, состојбите на економијата и стопанството, како во Република Северна  Македонија, така и во потесното опкружување, со посебен акцент на прашањата кои би можеле да влијаат врз работењето на Банката.

Надзорниот одбор го оценува позитивно своето работење во 2022 година како од аспект на поединечните членови, така и колективно. Оценката е заснована врз основа на работењето

на Надзорниот одбор во 2022 година, кој ги извршуваше работите од своја надлежност, поставени како со Законот за банки и другите закони и подзаконски акти, така и со Статутот и другите интерни акти на Банката.

**ОЦЕНКА НА ГОЛЕМИНАТА И СОСТАВОТ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР И ОСТАНАТИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИШАНИ ОДБОРИ**

Бројот на членови на Надзорниот одбор и законските пропишани одбори се во согласност со предвидениот број на членови кој треба да ги сочинуваат овие одбори согласно Законот за банки на Република Северна Македонија. Членовите на овие одбори имаат соодветни знаења и искуства за извршување на своите надлежности, избегнуваат судир на интереси и посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани во Законот за банките и останатата домашна законска регулатива.

По спороведените оценки кои се со позитивни заклучоци, влијаат во ставот на Банката за потврдување на ефикасноста и ефективноста на одборите во постечкиот состав и број.

Помеѓу членовите на одборите постои размена на своите знаења и искуства и меѓусебна соработка при исполнувањето на своите должности.

**ОЦЕНА НА ЕФИКАСНОСТА НА НАДЗОРОТ ШТО ГО ВРШИ НАДЗОРНИОТ ОДБОР**

Надзорниот одбор постојано го следеше работењето на Банката и ги разгледуваше извештаите на Управниот одбор за остварените финансиски резултати на Банката. Надзорниот одбор го следеше движењето на сите финансиски показатели, билансот на состојба, билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста на Банката, депозитите на правни и на физички лица, остварените приходи и расходите на Банката со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за подобрувањата и вложувањата на портфолиото на Банката, наплатата на проблематичните побарувања, презомениот имот врз основа на ненаплатени побарувања, како и сите останати значајни прашања од работењето на Банката. Надзорниот одбор, заедно со Управниот одбор, редовно расправаше за состојбите во банкарскиот сектор, општите состојби во стопанството во Република Северна Македонија, како и за сите други прашања кои може да имаат влијание врз работењето на Банката.

Во рамките на своите надлежности урврдени со Законот за банките, подзаконската регулатива на Народната банка и статутот, Надзорниот одбор презеде голем број активности и донесе повеќе акти со кои се урврдуваат деловните политики и стратегии во банкарското работење и други акти сврзани со работењето на Банката.

## ОЦЕНА НА ЕФИКАСНОСТА НА ЗАКОНСКИ ПРОПИШАНИТЕ ОДБОРИ

Управниот одбор, во согласност со предвидените надлежности во Законот за банките, вешто управуваше со банката и имаше голема улога во спроведувањето на деловната политика, во воспоставување и промовирањето корпоративна култура и вредности, утврдувањето на прифатливото ниво ризик, и неговото воспоставување и спроведување.

Управниот одбор одлично ја изврши својата задача во управувањето и претставувањето на Банката. Одборот се грижеше за спроведувањето на Одлуките на Собранието и на Надзорниот Одбор на Банката. Извршуваше и беше одговорен и за други работи од значење на Банката, согласно Законот и прописите.

Одборот обезбеди одлични услови за работа на Банката во согласност со прописите и управуваше и ги следеше ризиците на кои е изложена банката во работењето. Управниот одбор постигна и одржа адекватно ниво на сопствени средства и исто така се грижеше за функционирањето на системот за внатрешна контрола во сите области на работењето на Банката.

Поради продолженото траење на пандемијата предивикана од КОВИД -19, Управниот одбор продолжи со активности насочени кон зголемување на степенот на автоматизација и дигитализација на процесите, унапредување на системите за управување со ризиците и вложување, во нови технологии, зголемување на продуктивноста во работењето и полесно согледување и надминување на слабостите во плановите за непрекинатост во работењето.

Одборот обезбеди одлични услови за работа на Банката во согласност со прописите. Врвно управуваше и ги следеше ризиците на кои е изложена банката во работењето. Управниот одбор постигна и одржа адекватно ниво на сопствени средства и исто така се грижеше за функционирањето на системот за внатрешна контрола во сите области на работењето на Банката.

Секој од членовите на Управниот одбор одлучуваше и решаваше поединечно во рамките на својот делокруг на работа за кој е одговорен согласно организиционата шема на Банката, се со цел за поголема ефикасност во работата на Банката.

Одборот за управување со ризици го следеше степенот на ризичност на Банката и го утврди најприфатливото ниво на изложеност на ризици и тоа се со цел минимизирање на загубите од изложеност на Банката при ризик.

Одборот за управување со ризици ги следеше и прописите од Народна Банка кои се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на Банката со овие прописи.

За поефикасно управување со одделните видови ризици на кои е изложена Банката, Одборот за управување со ризици конструираше краткорочни и долгорочни стратегии за

минимизирање на загубите од изложеност. Одборот за управување со ризици ефективно изврши анализи на извештаите за изложеност на Банката при ризик, кои беа изработени од службите во банката кои што вршат оцена на ризиците.

Актуелната енергетска криза проследена со зголемување на цените и намалување на деловните активности кај домашните компании се фактори на ризик коишто влијаат врз идната динамика на раст на економијата и банкарското работење, поради што УНИбанка ги зголеми активностите во делот на престојните достасувања на кредитните обврски. Посебен акцент се стави на одржување на ликвидноста во рамки на утврдените лимити, контрола на кредитните процеси и таргетирање на висококвалитетни клиенти.

По спроведените анализи Одборот за управување со ризици ги утврди ефектите од управувањето со ризици врз перформансите на Банката. Успешно ги анализираше и ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици.

Одборот за управување со ризици изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови како и колективно. Членовите на Одборот за управување со ризици, одлично ја изработија својата задача од областа на поединечното следење и известување за секој ризик од делокругот на нивното работење.

Одборот за ревизија успешно ги изврши своите активности согласно Законот за банки и останатата законска регулатива.

Одборот за ревизија поднесе уреден полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор во кој беше содржана оценката за сопствената работа од аспект на поединечни членови и колективно.

Одборот за ревизија ја следеше работата  и позитивно ги оцени: системот за внатрешна контрола, службата за внатрешна ревизија како и работата на Друштвото за внатрешна ревизија.

Ефективно ги одржа седниците и состаноците со Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето со Банката.

Ги разгледуваше сите извештаи кои беа доставени од Одборот за управување со ризици и извршуваше други активности со законската, подзаконската регулатива и интерните акти на Банката.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Светозар Попов

______________________________

Ралица Богоева

______________________________

Јанко Караколев

______________________________

Константин Арнаудов

______________________________

Николај Драгомирецки

______________________________

Дејан Кнезовиќ

______________________________